Во текот на 2018 година МРТСат во целост го оствари зацртаниот продукциски план. Посебно внимание се посвети на реализацијата на новопланираните емисии. Задржаните програмски содржини добија нови свежи тематски концепти, со внимателно развиен видео израз заради подобрување на квалитетот на истите.

Продукцијата на серијалот посветен на животот на нашите во Европа, на функционирањето на црковните општини претставуваше огромен исчекор во зацврстувањето на врските на нашите со нивната родина.Поради посебниот интерес, емисиите беа емитувани и на МРТ1.

Воедно беа реализирани специјални емисии за нашите во дијаспората: извештаи од конференцијата на иселениците, репортажи за собирите и активностите на нашите кои летото престојуваа во нивните родни места („Конференција на иселеничките организации“, „Животот е...“, „Летни средби“).

Емисијата „Македонски вредности“ која беше посветена на актуелните културни настани и движења во земјава, тематски се фокусира на разработка на македонскиот фолклор, односно етнолшкото богатство.

Посебен интерес побуди серијалот „Документарни сведоштва“ – документарни портрети на членовите на МАНУ., и истиот по барање на академиците продолжи и во тековната 2018 година.

Со духовниот серијал „Слово Божје“, МРТСат ја потврдува својата улога на чувар на врската меѓу матицата Македонија и дијаспората.

МРТСат реализираше директните преноси од Архиерејските литургии на поважните православни празници, настани од историско значење, како и одбележување јубилеи од историјата на МПЦ-ОА. Според досегашите сознанија и реакциите од гледачите овие преноси наидуваат на интерес во дијаспората.

Поради програмскиот интерес за нови содржини, а воедно и ограничениот буџет, одредени емисии беа ставени во мирување.

Во текот на целодневната програма се емитуваа џинглови кои се со наменски најави за тековните емисии, но и ИД ЏИНГЛОВИ ЗА САМАТА ПРОГРАМА.

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ТВ СЕРИИ /ЕМИСИИ СПОРЕД ДИНАМИКА НА ПРОДУКЦИЈА, НА ЕМИТУВАЊЕ, ПРОСЕЧНО**

| **Емисија/ автор** | **Динамика на продукција** | **Динамика на емитување** | **минути** | **Појаснување** |
|---|---|---|---|---|
| ***Македонски вредности/ Автор: Елена Стефановска*** | еднаш неделно | премиерно и репризно според програмска шема на МКТВСат | 40 - 45 | теми од областа на етнологијата |
| ***Мостови, Видео журнал, Поврзани/ Автор: Јулијана Тануровска*** | Видео Журнал и Поврзани: во зависност од реализираните патувања во дијаспората и подготвените репортажи од таму. Мостови: еднаш месечно | премиерно и репризно според програмската шема на МКТВСат и на МРТ1 | 40 - 45 | Поврзани е заеднички проект со МТВ САТ 2. Според досегашните сознанија македонците во дијаспората сакаат да бидат повеќе застапени со теми од животот во државите во кои живеат. **Буџетот не дозволува да се реализира овој проект според планираното.** |
| ***Документарни сведоштва/ Академици*** <br><br> ***автор: Крстинка Билјаноска*** | една емисија месечно | Премиерно и репризно според програмската шема на МКТВСат | 40 - 45 | Документрана емисија во која ќе се опфати работниот и животниот век на повозрасните членови на МАНУ. Динамиката на реализација согласно условите за снимање и монтажа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Слово Божје/ автор: Аида Николовска*** | два пати месечно | Премиерно и репризно според програмската шема на МКТВСат | | разработка на теолошки теми |
| ***Директни преноси од литургии/ новинари од МКТВСат*** | позначајни верски празници | директен пренос | | Според досегашите сознанија и реакциите од гледачите овие преноси наидуваат на интерес во дијаспората. |
| ***Директни преноси од значајни настани/ новинари од МКТВСат*** | според најава за одржување на настани | директен пренос МКТВСат и МРТ1 | | одбележување на значајни историски и духовни настани од значење за Македонците во земјава и дијаспората |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС – МРТ2**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК МЕРИТА ДУЛАТАХУ**

Во прилог се дадени сите реализирани програмски содржини во 2018 година, квалитативно и квантитативно.

Во 2018 година Сателитскиот програмски сервис на МРТ2 емитуваше непрекинато 24 часа програма на албански јазик преку онлине на: http://play.mrt.com.mk и тоа со:

1. Директно преземање или одложно емитување на актуелните програми од Вториот Програмски Сервис-Програма на Албански јазик.
2. Сопствена продукција на Сателитскиот Програмски Сервис на МРТ2

## ПРОДУКЦИЈА НА МРТ 2 САТ ПРЕЗЕМЕНА ОД МРТ 2 – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

*Вести во сите редовни термини, 07:00; 08:00; 09:00 (флеш вести) ; Топ вести во 10:00 и 14:00; ТВ Вести во 12:00 и ТВ Дневници во 18:30 и 22:00 ч.

*Сите емисии од Редакцијата Актуелности на МРТ 2

“Аргумент”, “Разбуди се со нас”, “Неделно интервју” , “Бизнис плус” и директни преноси од значајни јубилеи и прослави.

”Спортски преглед”, Спортски настани од земјата и натпревари за кои е дозволено и откупено правото за емитување.

**Образовна програма**

Образовни емисии : “Таксирахат”; “Малку повеќе” ; “Во светот на сообраќајот, „Опен„ и „Мотиви”. Емисија за здравство: „Про Вита”. Емисии за деца: “ Магија на буквите”,” Дојди во нашата приказна” ,” Да учиме заедно, “Моето училиште” како и детски фестивали, детски приказни, театарски претстави за деца.

**Културно забавна програма**

“Топ листа на народна музика”, “Топ листа на забавна музика”, “Ало Ало Вип”, “Компромис”, “Гламур”, “Тор 5 личности”, “Хумор” како и Забавна музика, Народна музика, Класична музика, Музички фестивали и спектакли.

**Документарна и филмска програма**

Документарни емисии, репортажи, патеписи, ТВ серии и ТВ драми (со право за емитување) “Видео витрина”, ” Наследство”, ”Театарот во Екран”, домашна хумористична серија “Компанија”.

**<u>Појаснување</u>**: Насловот на емисиите превземени од Вториот програмски сервис-програма на албански јазик, се само еден дел и се наведени како едни од поактуелните. Пресметано временски Сателитскиот сервис на МРТ2 во текот на 2018 година преземаше и реемитуваше дневно 3 – 9 часа премиерна програма од Вториот програмски сервис-Програма на Албански јазик. Сателитскиот сервис на МРТ2 има програмски појаси кои се пополнуваа со реемитувани емисии и архивски материјали кои впрочем се дел од архивата на МРТСАТ2, по нивното дигитализирање (на околу 450 емисии).

**ПРОГРАМА ОД ПРОДУКЦИЈАТА НА САТЕЛИТСКИОТ СЕРВИС НА МРТ2**

Во текот на 2018 год. Сателитскиот Сервис на МРТ 2 заради недостиг на новинарски кадар и ограничен буџет делумно го реализира зацртаниот продукциски план.

Впрочем, за непречена реализација на зацртаниот програмски концепт на Сателитскиот Сервис на МРТ2 ,потребни се уште најмалку тројца новинари. Имено,во овој Сервис сеуште освен мене како Одговорен уредник, има само еден вработен, кој под мој надзор и координацијата врз целиот тек на подготовката и емитувањето на програмските содржини ја составува дневната програмска шема, ги аркивира и ги евидентира содржините за потребите на МРТ САТ2. Истотака, соработува за реализација на кратки репортажи. Имено, освен недостигот на новинарскиот кадар во САТ2, недостига и евидентичар на програмата во Одделението за координација, евиденција и истражување на МТВ.

Иако во продукцискиот план на МРТ САТ2 се планирани повеќе проекти,без оглед на недостатокот на кадар и доволен буџет за реализација на истите, во текот на 2018 год. со моја заложба подготвивме и низа емисии од сопствено производство на Сателитскиот Сервис на МРТ 2 кои се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Емисија/ автор** | **Динамика на продукција** | **Динамика на емитување** | **минути** | **Појаснување** |
|---|---|---|---|---|
| ***Vendlindja ime- Мојот роден крај/ Автори: Мерита Дулатаху и новинари од документарната програма на МТВ2*** | 2 емисии месечно | Премиерно и репризно според програмските шеми на МРТ2Сат, МРТ2 | 05-10 | -Репортажа “Разликата и заедништвото на народите во Македонија”<br>-Презентација на видео материјали и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | информации за природни реткости, културно-историски споменици и атрактивни локации. |
| ***Поврзани/ Автор: Мерита Дулатаху*** | Поврзани: во зависност од реализираните патувања во дијаспората и подготвените репортажи од таму. | Премиерно и репризно според програмската шема на МТВ САТ2 | 40 - 45 | Поврзани е заеднички проект со МТВ САТ 1. Целта е афирмирањето на завидните успеси во различни области на нашите граѓани од дијаспората и пресликувањето на нивниот живот таму,. **Буџетот не дозволува да се реализира овој проект според планираното.** |
| *Репортажи* ***“VATRA IME” (Моето огниште)Автори:*** ***Дописниците на МТВ2*** | една емисија месечно | Премиерно и репризно според програмската шема на МТВСАТ2 | 30 - 35 | Реализацијата на репортажите низ земјата произлегува од барањата на нашите иселеници и сонародници да се биде мост на зближување и линк со родниот крај. |

Заради посебниот интерес сите емисии што се производство на Сателитскиот Сервис на МРТ2 се емитуваа и во МРТ2-програма на албански јазик. Во текот на целодневната програма се емитуваа џинглови кои се со наменски најави за тековните емисии, но и ИД ЏИНГЛОВИ И ФОРШПАНИ ЗА САМАТА ПРОГРАМА.

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НАТАША АНДРЕЕСКА**

Тимот на Првиот Програмски Сервис на Македонското радио-Радио Скопје и во 2018-та година работеше вредно на подобрување на содржинскиот дел на шемата и поголема слушаност на радиото.

Во прилог Ви ги доставувам реализираните програмски содржини на ППС.

**ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА** ги реализираше следните содржини:

| **Бр.** | **Име на емисија** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|---|
| 1 | УРВ-утрински весник | Информативна емисија со вести и информации од земјата и светот | Се емитува секој работен ден -15мин. |
| 2 | Точно напладне | Радио весник | Се емитува секој работен ден -15 мин. |
| 3 | ПРВ-пладневен весник | Информативна емисија со вести,информации и прилози | Се емитува секој ден вклучувајќи и викенд-30мин. |
| 4 | ПРЕС 19 и Радио 22-весник | Информативна емисија. | Се емитува секој ден 19 мин. |
| 5 | Вести на прва | Кратки вести | Се емитуваат секој ден на секој час - 2/3мин. |
| 6 | Виножито | Емисија од обласа на земјоделството. | Се емитува секоја недела - 50 мин. |
| 7 | Актуелно (Евро Македонија,Рефлексии,Отворено,Во фокусот...) | Информативна емисија што ги обработува актуелните политички настани и случувања | Се емитува секој работен ден со посебни поднаслови-120 |
| 8 | Радио спектар | Информативен магазин што ги третира актуелните збиднувања од различни области | Се емитува секоја сабота-150 мин. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Утринска на прва- Хрономер | Утринска програма | Секој работен ден-<br>240 мин. |
| 10 | Тука околу нас | Емисија посветена на животните ситуации-вашето второ јас | Се емитува секој понеделник-<br>55 мин. |
| 11 | Во живо и гласно | Емисија за активностите на невладиниот сектор | Секој вторник<br>55 мин. |
| 12 | Чувари на здравјето | Емисија од областа на здравството | Секоја среда<br><br>55 мин. |
| 13 | Отворен свет | Емисија за лицата со попреченост | Се емитува два пати месечно<br>55 мин. |
| 14. | Патоказ | Емисија од областа на безбедноста и туризмот | Секој петок<br>55 мин. |
| 15. | Мили,а сепак различни | Емисија за домашни миленици | Два пати месечно<br>55 мин. |
| 16. | Светоглед | За актуелностите од светот | Секој четврток<br>50 мин. |
| 17. | Од понеделник до понеделник | Ретроспектива на актуелностите | Секој понеделник<br>55 мин. |
| 18. | Од програмата,за програмата | Најава на програмски содржини на неделата | Секој петок<br>55 мин. |
| 19. | Јазично катче - Зборуваме македонски | Емисија за македонскиот литературен јазик | Секој четврток<br>55 мин. |
| 20. | Од мој агол: Мислам, значи постојам | Колумна за актуелни случувања | Секоја сабота<br>15 мин. |

**КУЛТУРНА ПРОГРАМА И МУЗИЧКА ПРОГРАМА** ги реализираше следните емисии

| Бр. | Име | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| 1 | Културна клучалка | Емисија посветена на културните настани | Се емитува секој работен ден - 55 мин. |
| 2 | Културен мозаик | Емисија од областа на културата,оценувач и бележник на специјализираните културни збиднувања | Се емитува секој петок -120 мин. |
| 3 | Музички трендови(секој ден различни музички доживувања) | Емисија посветена на разни жанрови во музиката | Се емитува секој ден од понеделник до петок 55мин. |
| 4 | Фолк топ 10 | Листа на мизички фолк хитови и рефрени | Се емитува секоја недела 120 мин. |
| 5 | Хит микс | Микс на хитови од различни периоди | Се емитува секоја среда 60 мин. |
| 6 | Сината птица | Емисија посветена на филмската музика | Се емитува секој понеделник -30 мин. |
| 7 | Концерт во живо | Музичка емисија која обработува актуелни концерти од забавната музика | Се емитува секој понеделник 55 мин. |
| 8 | Песни на мојата душа | Емисија посветена на старите македонски традиционални песни и ора. | Секој четврток и трае 120 мин. |
| 9 | Серенада | Емисија за народна музика | Секоја недела-55 мин. |
| 10 | На рандеву – Со звукот на минатото | Емисија посветена на евергрините,како домашни така и странски | Се емитува секоја недела на програмата 55 мин. |
| 11 | Класик ФМ | Емисија за класична музика | Се емитува секој четврток 55мин. |
| 12 | Џез и Блуз | За џезот и блузот некогаш и денес | Секој вторник 55 мин. |
| 13 | Фестивали од различен карактер | Преноси од Евросонг, Макфест,Детски Евросонг... | Редовни и вонредни термини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Звукот и светот | Емисија посветена на светската музика | Секој вторник на програмата 55 мин. |
| 15 | Покривање на музички манифестации | Денови на мак.музика,Скопско лето,Мајски оперски вечери,ОФ Фест,Струшка музичка есен,Есенски муз.свечености,Скопски џез фестивал,Фестивал Долнени,Охридско лето | Секојдневно информирање на програмата,осврти,рецензии и прилози |
| 16 | Музички времеплов | Емисија од областа на народното творештво | Секоја сабота 30 мин. |
| 17 | Нишан ти пратив | Поетско музичка емисија со народни ноти | Секоја недела 20 мин. |
| 18 | Од македонското музичко творештво | Емисија посветена на македонските композитори | Секој петок 50 мин. |
| 19 | Музичка разгледница | Европска музика | Секој ден и трае 30 мин. |
| 20 | Фестивалски рефрени | Емисија посветена на македонските фетсивали за забавна музика | Секоја среда 55 мин. |
| 21 | Евровизиски рефрени | Емисија посветена на песните од Евровизиските фестивали | Секоја сабота 30 мин. |

**Научно документарна програма**

| **Бр.** | **Име** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|---|
| 1 | Православна ризница | Обработува житија и други верски содржни на православието | Секој петок 25 мин. |
| 2 | Љубомудрие | Обработува содржини од областа филозофијата со историски пристап | Секој четврток 25 мин. |
| 3 | Огледи и погледи | Емисија за истакнати личности во областа на литературата | Секој вторник 25 мин. |
| 4 | Беседа со пријателот | Портрети на истакнати личности од општествениот и научниот живот | Секоја втора недела -50 мин. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 . | Историски фокус | Осврти за минатотот на Македонија | Секоја сабота<br>25 мин. |
| 8 . | Од нашиот незаборав | Обработува настани и личности што не се заборавaат | Секој понеделник<br>25 мин. |
| 9. | Деновите пред години | Моменти што се случиле на денешен ден | Секој работен ден<br>20 мин. |
| 10. | Бисери на мудроста | Поговорки, мисли, и народни приказни од мак.творештво | Секој работен ден<br>25 мин. |
| 11. | Простор, збор и време | Научно документарни содржини | Вторник, среда, петок и сабота<br>120мин. мин. |

**Детско - образовна програма на ППС на МРА**

| **Бр.** | **Име** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|---|
| 1 | Детско катче | Од детскиот свет, најчесто детски песни | Секој работен ден<br>25 мин. |
| 2. | Радио расказ за деца | Раскази за деца | Секоја сабота<br>30 мин. |
| 3. | Детска радио драма | Драми со содржина блиска до децата | Секоја недела<br>40-55 мин. |
| 4. | Жуборења | Детски муабети (УП)<br>Имало само до 10.06.2018 | Секој работен ден 10 мин.<br>(нема) |

**ДРАМСКА ПРОГРАМА**

| **Име** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|
| 1. Играј со мене | Поезија и музика | Секоја петок<br>55 мин. |
| 2. Прозен медаљон | | Секоја среда<br>20-30 мин. |
| 3. Радио драма | | Секоја сабота<br>55 мин. |
| 4. Хихириху (нема) | Хумористично сатирична програма- | Секоја недела 60 мин.(до19.03.2017) |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Македонски народни приказни | Приказни од македонкото народно творештво | Секој ден 15 мин. |

**Спортска и Ноќна програма на ППС на МРА**

| **Име** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|
| 1. Спорт музика спорт | Актуелни спортски настани | Секоја недела 55 мин. |
| 2. Во светот на спортот | Спортски актуелности | Секој понеделник во УП на прва -30 мин. |
| 3. Преноси | Машки и женски | Редовни и вонредни |
| коментари и осврти | ракомет,фудбалски преноси, кошарка | термини |
| 4. Вести од спортот | Спортски новости | Секој ден 5 – 10 мин. |
| коментари и осврти | ракомет,фудбалски преноси, кошарка | термини |
| 5. Вести од спортот | Спортски новости | Секој ден 5 – 10 мин. |
| 6. Во ритамот на ноќта | Ноќна програма со различни теми | Секој работен ден 180 мин |

Сите наведени содржини се во сопствено производство на вработените во ППС на Македонското радио-Радио Скопје.

**Реализирани преноси на Спортска Редакција**

27.01.2018 Вардар-Мец (ракомет)

18.02.2018 Вардар-ПИК Сегед

04.03.2018 Вардар-Висла Плок

14.04.2018 Вардар-Митјуланд

15.04.2018 Вардар-Загреб

29.04.2018 Вардар-Кил

12.05.2018 Вардар-Ростов

13.05.2018 Вардар-Ѓер

26.05.2018 Вардар-Монпеље

27.05.2018 Вардар-ПСЖ

10.06.2018 Македонија-Романија

09.09.2018 Македонија-Ерменија (фудбал)

22.09.2018 Вардар-Кристијнштад

06.10.2018 Вардар-Рајн Некар

13.10.2018 Македонија-Лихтенштајн (фудбал)

03.11.2018 Вардар-Брест Мешков

11.11.2018 Вардар-Барселона

19.11.2018 Македонија-Гибралтар (фудбал)

01.12.2018 Вардар-Кијелце

**ПРЕНОСИ 2018 – Информативна програма**

06.01.2018 Пренос од Бадник пред Соборен храм Скопје
07-01 Пренос од божикната литургија во Соборниот храм Св.Климент Охридски во Скопје

04.2018-Пренос од Католичкиот Велигден во Срце Исусово во Скопје
04.2018-Пренос од Велигден(православен)

09.05 – Пригодна емисија за Ден на Европа
22.05 –Пренос од Матурската парада на Плоштадот Македонија во Скопје

24.05 -Денот на Свети Кирил и Методиј -02.08 -Директни преноси од Крушево, Пелинце, Скопје
17.08 -Пренос по повод Денот на Армијата на Република Македонија

08.09 -Денот на Независноста на Македонија

27.09-Пренос од Обраќањето на Претседателот Иванов во Обединетите нации
30.09-Пренос од ДИК за Референдумот за промена на името и влез во НАТО (9,30, 11.30,13.30,15.30,17.30,19.00,22.00...)

11.10-Октомвриски награди и разговор со добитниците
08.12.Свети Климент Охридски-разговор со добитниците на наградите 8 декември

24.12-Пренос од Католички Божик во Срце Исусово во Скопје
28.12-Пренос од последното обраќање на Претседателот Иванов пред пратениците и македонската јавност во Собранието на РМ
31.12 Новогодишна програма во живо од 20.00 до 02.00 ч. на ППС на МРА-Р.Скопје

**МУЗИЧКА ПРОГРАМА - МАНИФЕСТАЦИИ 2018 година**

| | |
|---|---|
| МАКФЕСТ 2018 (Пренос) | 04.10-06.10. |
| ОХРИД ФЕСТ | 06.09-08.09. |
| СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ | 18.10-21.10. |
| ОФФ ФЕСТ | 31.05-05.06. |
| ЕВРОСОНГ (Пренос) | 08.05-12.05. |
| ДЕТСКИ ЕВРОСОНГ (Пренос) | 25.11. |
| ГОЦЕ ФЕСТ | 16.02. |
| ФОЛК ФЕСТ ВАЛАНДОВО | 24.05-25.05. |
| БАЛКАНСКИ ФЕСТИВАЛ – ОХРИД | 04.07-07.07. |
| ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ | 29.07-01.08. |
| ОХРИД ФЕСТ-ОХРИДСКИ ТРУБАДУРИ | 06.09-08.09. |
| ЛЕШОК ФЕСТ | 27.08. |
| ФИЛИГРАНИ | 31.10. |
| РОСА ФЕСТ | 26.10. |
| ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА | 22.03. |
| МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ | 09.05-31.05. |
| ОХРИДСКО ЛЕТО | 12.07-20.08. |
| СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН | 04.09-06.09. |
| ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ | 02.11-27.11. |
| ИНТЕРФЕСТ БИТОЛА | 02.10-12.10. |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ЗОРАН МИРЧЕВСКИ**

Во прилогот се дадени реализираните програмски содржини на Вториот програмски сервис на Македонскотото радио - Радио 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| **БУДЕЊЕ СО РАДИО 2 Утринска програма**<br><br>07.00 – 09.00<br><br>понеделник - сабота | Сервисни информации (УХМР/АМСМ), роденденски честитки на познати личности, информации од домашни и светски новински агенции, рубрика “Разговараме на тема...”, анкети, занимливости, осврти на настани што го одбележале претходниот ден... | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **РИТАМ НА ДЕНОТ (Предпладневна програма)**<br><br>09.30 – 12.00<br><br>понеделник – петок | Сервисни информации (УХМР/АМСМ), директни телефонски јавувања од прес конференции и промоции, најнови информации од спортот, Флеш вести, секојдневни рубрики:<br>- културен информатор<br>- совети за здрав живот<br>- каде се и што прават денеска | **Студио П4** | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - иста бранова должина (соработка со колеги новинари од другите градови низ Републикава)... | | |
| **ТОЧНО НАПЛАДНЕ (музичка**)<br>понеделник - сабота<br><br>12:00 – 13:00 | Специјализирана емисија за македонска музика. Промовирање на нови, млади изведувачи, нови синглови и албуми, разговори со гости во студио, директни јавувања од промоции, информации за случувања поврзани со домашната музичка сцена. | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **МАК ТОП 10 (музичка)**<br><br>среда<br>12:00 – 13:00 | Топ листа со македонска музика (се емитува веќе 18 години). Редоследот на листата се одредува според гласовите преку емаил. Оваа топ листа неколку години беше објавувана во печатените медиуми и на неколку интернет сајтови | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **БРОЈ 1 ХИТОВИ (музичка)**<br>понеделник<br>13.00 – 14.00 | Преставување на првопласираните хитови на најзначајните светски топ листи. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **АИРПЛАУ ТОП 10** | Топ листа со | | Сопствено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(музичка)**<br>вторник<br>13.00 – 14.00 | преглед на највртените песни на фреквенциите на Радио 2. | **Студио Г7** | производство |
| **РЕТРО ФЛЕШБЕК (музичка)**<br>среда<br>13.00 – 14.00 | Потсетување на хитови што биле популарни токму на денешен ден пред точно 5,10.15,20,25 и 30 години | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ЕВРОПСКИ ТОП 10 (музичка)**<br>четврток<br>13.00 – 14.00 | Преглед на 10-те најдаунлодирани и највртени хитови по европските радио станици | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ЏУБОКС НА РАДИО 2 (музичка)**<br><br>петок<br>13.00 – 14.00 | Секоја емисија е исполнета со 14 интересни и модерно аудио спакувани приказни за создавањето на секоја песна. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ВОЗЕЊЕ СО РАДИО 2 (контактно – забавна)**<br><br>понеделник – петок<br>14:30 – 17:00 | Сервисни информации за состојба на патишта,најава за дневни и вечерни настани, вклучување соговорници, актуелни информации и занимливости | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **ВИКЕНДИЧКА (Викенд програма) контактно – забавна**<br><br>**сабота и недела**<br>**09.00 – 12.00** | Актуелни информации за настани што се случуваат во деновите од викендот, директни јавувања од настани, | Студио П4 | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | занимливости, сервисни информации (УХМР/АМСМ) | | |
| **АЛБАТРОС (музичка)**<br><br>**сабота и недела (19.00 – 20.00)** | Емисија посветена на евергрин музика. Каде се и што прават некогаш познатите пејачи и групи (македонски и екс ЈУ) кои познати музичари се родиле на денешен ден... | Студио Г7 | Сопствено производство |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК АКИ МУСТАФА**

Во прилог се дадени сите реализирани програмски содржини во 2018 година

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Трет програмски сервис на МРА како дел од Македонското радио во текот на оваа година ги реализираше сите предвидени емиси и рубрики во текот на 2018 година..

**КАПАЦИТЕТ НА СЕРВИСОТ**

Трет програмски сервис на МР е мултиетнички сервис во кој се емитуват програма на Албански јазик, програма на Турски јазик и редакците на Српски, Влашки, Босански и Ромски јазик. Сервисот функионира со вработени што со успех ги покриваат потребите на програмската шема. Од техничкиот дел сме задоволни, работиме со најнови компјутери и диктафони, но имаме проблеми со предавателите и се надеваме дека во најкраток период ке се реши проблемот

**ИНОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК**

**ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА**

Дневната редакција функционира со успех покривајќи ги сите настани во земјата со новинари кои се обучени сами да снимат, да монтират и да известуваат од настани и тие работат на две смени што ги припремаат вестите за утринска и за попладневна програма.

**РЕДАКЦИЈА ЗА ЕКОНОМИЈА**

Редакција за економија и претпримаштво ги следеше сите настани од економијата,банкарството,туризмот ,со прилози за цекојдневните настани со рубрики но и со емисијата “**економија и пазар”** што се емитува секоја среда од 9 и 30 до 10.00 со експерти од економијата и е контактивна со слушатели.

**РЕДАКЦИЈА НА УТРИНСКА ПРОГРАМА**

**Утринската редакција со успех ги информираше нашите ценети слушатели со секојденевните настани од обласла на културата образованието спортот и другите настани.**

## КУЛТУРНО- ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА

Образовната редакција ги следеше настаните во образованието, проблемите, воспитувањето со експерти во редовната емисија што се емитува секој вторник од 9 и 30 до 10 .00.Новинарите ги следат и дневните настани за информативната програма, се разбира за дневник, но и за вести.

### КУЛТУРНА РЕДАКЦИЈА

Културната редакција следеше сите културни настани во земјата и пошироко со рубрики и со емисиите “**културен мозаик”** ,”**отворен микрофон**”,”**со естрадните уметници”,”културен агол” “Нејзината штикла„, “Трагови на животот’’**и верската емисија „**Светлина на животот„**,така што новинарите припремаат и прилози за утринска и за вести.

### ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА

Документарната редакција снимаше документарни емисии репортажи така што се предвидени нови документарни емисии и треба повеќе патувања за да ги реализираме предлозите од документарната така што нашите слушатели ќе ги слушат секоја сабота и среда по 30 минути.

## ЗАБАВНА РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА

Рекреативно-забавната програма функсионира со четири редакции: музичка, спортска, детска и ноќна редакција.

### МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА-

Освен музиката што се емитува на програмата, и покрај музичките емисии кои се со топ листи - народни и забавни, се реализираше специјална музичка емисија со странски хитови „ **Мега хитови**„ со водител кој течно зборува странски јазик.

Од март месец 2015 почнавме се емитува новата рекреативно забавна емисија „**Поинаку**„ која трае 60 минути и е со релаксиран карактер. Емисијата се реализираше со голем успех.

„ **Од фонотеката на радио Скопје**„ каде се емитуваат старите песни, бидејќи нашата фонотека е многу богата со песни, многу песни се веќе дигитализирани од музичките соработници..

За поуспешна и поквалитетна програма вршевме директни преноси од фестивалите и културните манифестации.

**Во табеларниот дел се сите емисии што беа реализирани со успех освен фестивалот Шара пее што не беше одржан .**

| | | |
|---|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК** | | |
| | | |
| I-Редакција на дневни информации на албански јазик на Третиот Сервис на МРА | | |
| 1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА | | |
| Вести | се емитуваат во 10:00 ; 18:00 | Сопствено производство |
| Флеш вести | во 07:00 и 24:00 | Сопствено производство |
| Радио дневник | во 09:00 ; 16:00 ; 21:00 | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| 2- РЕДАКЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА | | |
| Поинаку | 60 минутна | Сопствено производство |
| Отворен микрофон | 30 минутна | Сопствено производство |
| Аргумент | 60 минутна | Превземен од втор |
| Од нашите општини | 30 минутна | Сопствено производство |

| | | |
|---|---|---|
| 3 -РЕДАКЦИЈА ЗА СТОПАНСТВО, ПРЕТПРИЕМАШТВО И МЕНАЏМЕНТ | | |
| Економија и пазар | 30 минутна | Сопствено производство |
| Туризам и бизнис | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| 4-УТРИНСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Отворена уртинска програма | Од 6:00- 10:30 – 190 минутна | Сопствено производство |
| Историски календар | 10 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| **II-КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | | |
| 1- РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА | | |
| Културен мозаик | 30 минутна | Сопствено производство |
| Нејзината штикла | 30 минутна | Сопствено производство |

| | | |
|---|---|---|
| Семејство и здраство | 30 минутна | Сопствено производство |
| 2- РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | | |
| Образование и едукација | 30 минутна | Сопствено производство |
| Игра на Буквите | 15 минутна | Сопствено производство |
| Верска емисија | 30минутна | Сопствено производство |
| **3.ДОКУМЕНТАРНА** | | |
| | | |
| Документрана емисија | 30 минутна | Сопствено производство |
| Трагови на животот | 30 минутна | Сопствено производство |
| Од нашата архива | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| **III –ЗАБАВНА РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА** | | |
| 1-ЗАБАВНА СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Спортско неделно попладне | 60 минутна | Сопствено производство |
| Мали шампиони | 15 минутна | Сопствено производство |
| 2- МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Народна музика | | Сопствено производство |
| Забавна музика | | Сопствено производство |
| Сериозна музика | | Сопствено производство |
| Фолклорна музика | | Сопствено производство |
| Детска музика | | Сопствено производство |
| **Златни години** | | Сопствено производство |
| **Топ 10 на забавна музика** | | Сопствено производство |
| **Топ 10 на народна музика** | | Сопствено производство |
| ДЕТСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Од цвет до цвет | 45 минутна | Сопствено производство |
| Детски Приказни | 10 минутна | Сопствено производство |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНИ РЕАЛИЗИРАНИ СО СТУДИО ОД ТЕРЕН** | | |
| | | |
| СНИМАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ | | |
| МУСЛИМАНСКА НОВА ГОДИНА- | | |
| РАМАЗАН БАЈРАМ | | |
| ДЕНОВИ НА НАИМ ФРАШЕРИ | | |
| КУРБАН БАЈРАМ | | |
| ДЕНОТ НА АЛБАНСКОТО ЗНАМЕ | | |
| БЛЕТЕЗАТ-фестивал за деца | | |
| ВИНОЖИТО-фестивал за деца | | |
| Шара пее - фолклорен фестивал | Не се одржа | |
| Песно Ечи - народен фестивал | | |
| Нота фест - забавен фестивал | | |
| Звуците на Чаршијата - манифестација | | |
| Поводни концерти и свечени академии | | |
| Ден на албанската азбука | | |
| Струшко лето | | |
| **РЕДАКЦИИ НА НЕМНОЗИСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ТРЕТ СЕРВИС** | | |
| | | |
| **ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК** | | |
| I Информативно Документарна редакција | | |
| Флеш вести | 13:00 ; 5 минутна | Сопствено производство |
| Вести | 11:00 ; 15 минутна | Сопствено производство |
| Радиовесник | 15:00 ; 25 минутна | Сопствено производство |
| Седум дена во собрание | 10 минутна | Сопствено производство |
| Економски свет | 15 минутна | Сопствено производство |
| Политички настани | 10 минутна | Сопствено производство |
| Верска емисија | 30 минутна | Сопствено производство |
| Светот денес | 20 минутна | Сопствено производство |
| На денешен ден | 5 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| II Културно образовна редакција | | |
| Образовна емисија | 15 минутна | Сопствено производство |
| Музика и разговор /отворена | 60 минутна | Сопствено производство |
| Забавна Музичка Редакција | | |
| Народна | | Сопствено производство |
| Забавна | | Сопствено производство |
| Фолклорна | | Сопствено производство |
| Сериозна | | Сопствено производство |
| Топ 10 забавна | | Сопствено производство |
| | | |
| **РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК** | | |
| | | |
| Вести и други содржини | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| **РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК** | | |
| | | |
| Вести и други содржини | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| **РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК** | | |
| | | |
| Вести и други содржини | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| **РЕДАКЦИЈА НА БОШЊАЧКИ ЈАЗИК** | | |
| Вести и други содржини | 30 минутна | Сопствено производство |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА**
**Уредник на Редакција Емисии за странство**
**Милош Цветковски**
**Уредник на Редакција „Глас од татковината“**
**Љупчо Бојковски**
**Уредник на Сателитска програма**
**Валентина Новковска - Трајковска**

**Радио програмски сервис – САТ на МРА - Радио Македонија:**

**Радио Македонија има три сегменти:**

**1.** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски). Оваа програма е информативно политичка со акцент на актуелните случувања во РМ, со прилози на различни теми кои ја афирмираат Македонија.

**2.** Програма за иселениците и граѓаните на РМ во соседните земји, во Европа и на другите континенти (дијаспора). Оваа програма со сопствена оригинална продукција има врвен приоритет да ги информира нашите иселеници. Основна мисија: Мост меѓу татковината и дијаспората, “Глас од татковината“.

**3.** Сателитската програма на Македонското радио. Се емитува 10,30 часа секој ден освен во недела.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ** | **ВИД НА ПРОДУКЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| **Програмски сервис Радио Македонија** | | | |
| **I-** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски) | | | |
| **1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | | | |
| **Вести**<br>30 минути-целогодишна динамика - емисија на бугарски јазик | Се емитуваат во 20.00 | Снимена | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на грчки јазик | Се емитуваат во 20.30 | Снимена | Сопствено производство |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на албански јазик | Се емитуваат во 21.00 | Снимена | Сопствено производство |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика - емисија на српски јазик | Се емитуваат во 21.30 | Снимена | во недостаток на кадар се реемитуваат прилози од Редакцијата на немнозиските заедници на третиот сервис – програма на српски јазик) |
| **1-1- МУЗИЧКО ГОВОРЕН МОЗАИК** | | | |
| 120 минути целогодишна динамика – секоја сабота | Се емитува од 20.00 до 22.00 часот (Мозаична емисија, актуелни теми од сите сфери на општественото живеење) | Снимена | Сопствено производство |
| **2- РЕДАКЦИЈА ГЛАС ОД ТАТКОВИНАТА** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **Глас од татковината**<br>Емисија со соговорници на теми преку кои се афирмираат македонските вредности од сите области со вклучувања на слушатели од земјата и дијаспората. | | Живо | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 210 минути, целогодишна динамика | | | |
| **Глас од татковината** се емитува во понеделник | Афирмација на музичките, религиозните и успесите на младите автори и научници. Најголемиот дел од разговорите се истражувачки во смисол на историските корени на музиката и религијата. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во вторник | Гостуваат луѓето од областа на театарот, туризмот и спортот покрај афирмацијата на актуелните успеси водителот има обврска да ги истражува историските корени на македонскиот театар, археолошките вредности на Македонија и историјата на спортот. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во среда | Ја истражуваме македонската литература каде што се поканувaат успешни автори и научници да зборуваат за вредностите на македонскиот јазик и неговите корени. | Живо | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Глас од татковината** се емитува во четврток | Ги истражува корените на македонската филозофија, социологија и наука, со афирмација на актуелните постигнувања на македонските актери во овие дисциплини. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во петок | Се истражува историјата и археологијата на Македонија со афирмација на најновите дела од македонските автори и најновите откритија на македонската археологија. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во сабота | Се презентираат и афирмираат делата кои говорат за културните, научните и спортските успеси на Македонија денес и во минатото. | Живо | Сопствено производство |

| САТЕЛИТСКА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | | | |
|---|---|---|---|
| **Програма 10 часа и 30 минути**<br>целогодишна динамика | | | Сопствено производство |

**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

**Скопје, Март 2019 година**

1. ВОВЕД ........ 3
2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ........ 4
3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ ........ 4
4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ ........ 6
4.01 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ ........ 6
4.02 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ ........ 6
5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ........ 7
5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ........ 7
5.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ........ 8
6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ........ 9
6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ........ 9
6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ ........ 9
6.03 Трошоци на вработените ........ 10
6.04 Патни и транспортни трошоци ........ 10
6.05 Заеднички трошоци ........ 11
6.06 Програмски права ........ 13
6.07 Останати трошоци од работење ........ 14
7. ИНВЕСТИЦИИ ........ 15
7.01 Инвестиции во опрема ........ 15
8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2018 ГОДИНА ........ 16
9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2018 ГОДИНА ........ 20
9.01 ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ........ 20
10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ ........ 21
11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ........ 21
11.01 Побарувања од купувачите во земјата ........ 22
11.02 Побарувања од купувачите во странство ........ 22
12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12. 2018 ГОДИНА ........ 23

# 1 . ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Македонија што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата која се емитува на програмските сервиси опфаќа емисии од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, потоа документарна и играна програма како и програма со музичко - забавни содржини.

Во 2018 година, својата дејност МРТ успешно ја реализираше преку еден телевизиски и два радиопрограмски сервиси на македонски јазик, како и преку еден телевизиски и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

Што се однесува пак на информирањето на иселениците, а со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората, програмата беше реализирана преку посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми за иформирање на иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Со емитување на програма со 24 часовно времетраење, МРТ обезбеди и најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис, преку сателит и / или интернет преку сопствена мултимедијална видео платформа, наменет за иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот на Собранието на РМ.

## 2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Македонската радио телевизија има статус на јавно претпријатие чиј основач е Собранието на РМ, а работи на начин и услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Органи на управување во ЈРП МРТ се:

- Програмски совет – составен од 13 члена со мандат од 5 години
- Надзорен одбор – составен од 7 члена со мандат од 5 години
- Директор и заменик на директорот со мандат од 3 години.

Согласно член 117 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на РМ.

Согласно член 125 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Надзорниот одбор на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.

Согласно член 130 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ

Работата во јавното претпријатие Македонска радио телевизија се одвива според следната организациона структура:

- Директор и заменик на директорот
- Македонско радио
- Македонска телевизија
- Музичка продукција
- Заеднички функции


ЈРП Македонска радио телевизија
Директор и заменик на директорот
Сектор за поддршка на работењето на Директорот и Заменикот на Директорот
Сектор за внатрешна ревизија
Македонска телевизија
Директор на МТВ - кабинет на Директорот
Програмски служби
Сектор за ТВ продукција
Сектор за ТВ техника
Дописничка мрежа на МРТ
ПРВ Програмски сервис
ВТОР Програмски сервис
Сателитски сервис на МТВ 1
Сателитски сервис на МТВ 2
Собраниски сервис на МРТ
Македонско радио
Директор на МРА - кабинет на Директорот
Програмски служби
Сектор за РА продукција
ПРВ Програмски сервис
ВТОР Програмски сервис
ТРЕТ Програмски сервис
Радио Програмски сервис преку сателит и посебни радио програми
Музичка продукција на МРТ
Директор на музичка продукција- кабинет на Директорот
Редакција за класична музика
Редакција за народна музика
Редакција за популарна музика
Заеднички функции
Директор на заеднички функции- кабинет на Директорот
Сектор за правни работи и човечки ресурси
Сектор за финансиско работење
Сектор за комерција и јавни набавки
Сектор за информатички технологии
Сектор за логистика
Сектор за маркетинг и промоција

## 4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2018 год. изнесува вкупно 818 лица, што е помалку за 27 лица во однос на состојбата на 31.12.2017 година.

### 4.01 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2017 | 0 | 29 | 348 | 24 | 396 | 1 | 32 | 15 | 845 | |
| 31.12.2018 | 0 | 27 | 337 | 23 | 384 | 1 | 32 | 14 | 818 | -27 |
| структура 31.12.2018 г.(%) | 0.0 | 3.3 | 41.2 | 2.8 | 46.9 | 0.1 | 3.9 | 1.7 | 100.0 | -3.3 |

### 4.02 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македо нци | албан ци | турци | срби | власи | роми | бошњ аци | црног орци | остан ато | ВКУПНО | разл ика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2017 | 609 | 154 | 32 | 27 | 8 | 4 | 5 | 3 | 3 | 845 | |
| 31.12.2018 | 591 | 150 | 30 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 818 | -27 |
| структура 31.12.2018 г.(%) | 72.2 | 18.3 | 3.7 | 3.1 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -3.3 |

Во текот на 2018 година од вкупно 11 дојдени лица во МРТ, 7 лица засновале работен однос на неопределено време односно склучиле договор за вработување со МРТ, и тоа: 2 техничари со ССС во Сектор Логистика, 3 стручни соработници со ВСС и 2 возачи со ССС, додека пак, 1 новинар со ВСС е вратен на работа по мирување на работниот однос, а 3 лица се вратени на работа по користење на отсуство од работа без надомест на плата, и тоа: 1 сниматeл-камерман со ССС, 1 монтажер со ССС и 1 графички дизајнер со ВСС.

Во истиот период на вкупно 38 лица им е прекинат договорот за вработување по следниве основи: со стекнување на правото на старосна пензија на вкупно 25 лица, од кои 5 новинари ( 2 со ВСС и 3 со ССС), 1 дизајнер на светло со ССС, 1 музичар-инструменталист со ВСС, 2 инжењери со ВСС, 2 монтажери со ССС, 1 сниматeл-камерман со ССС, 1 режисер со ВСС, 1 асс.на режија со ССС, 1 раководител на одделение со ВСС, 2 документатори со ВСС, 3 техничари со ССС, 1 лектор со ВСС, 1 стручен соработник со ВС, 1 референт со ССС, 1 графички дизајнер со ССС и 1 манипулативен работник со НСС, додека пак, на 2 новинари (со ВСС и ССС) работниот однос им е ставен во мирување поради привремено извршување на функција во државни органи на РМ, на 1 раководител на одделение со ВСС и на 1 м-р ИТ инженер работниот однос им е прекинат по основ на превземање без објавување на оглас за вработување, на 5 лица (1 сниматeл-камерман со ССС, 2 графички дизајнери со ВСС и ССС, 1 монтажер со ССС и 1 новинар со ВСС) им е овозможено користење на правото на отсуство од работа без надомест на плата од МРТ, на 2 лица (1 сниматeл-камерман со ССС и 1 оператор на графички системи со ССС) им е спогодбено раскинат работниот однос, а на 1 новинар со ВСС му е прекинат договорот за вработување со МРТ поради неоправдано отсуство од работа. Во 2018 година 1 лице (уредник на редакција) со ВСС е починато.

# 5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА

## 5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Во 2018 година ЈРП Македонска радио телевизија оствари вкупен приход по сите основи во износ од 949.925.484 денари.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17) основен извор на финансирање на тековното работење се средствата за финансирање на радиодифузна дејност кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РМ. Во 2018 година приходот остварен по овој основ изнесува 886.549.998 денари, односно 93,3% од вкупно остварениот приход во анализираната година. Средствата за финансирање на радиодифузната дејност се однесуваат на покривање на трошоците од целокупното работење на МРТ односно, на финансирање на РА и ТВ програмските сервиси, Собранискиот канал и посебните програми, сервисирање на обврските создадени по основ на набавка, создавање и емитување на програма - филмска, спортска, збавна, играно документарна и останата програма, потоа набавка на опрема неопходна за непречено одвивање на работењето, набавка на стоки и услуги, работи, трошоци за вработените и слично.

Приходот од Маркетинг услуги – продажба на рекламно време остварен е во износ од 34.327.324 денари што е за 4% надминување во однос на планираниот износ за оваа намена, а истиот во структурата на вкупниот остварен приход во 2018 година има учество од 3,6%.

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор изнесува 278.180 денари.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 4.402.373 денари, учество од 0,5% во вкупниот остварен приход.

Останатите деловни приходи кои се однесуваат на приходи од камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи остварени во анализираниот период а по основ на склучени договори во минати години, донации, субвенции и слично бележат реализација во износ од 19.564.741 денар или 65,2% во однос на планот за оваа намена.

Приходот од Министерство за култура, согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција, изнесува 4.793.200 денари средства кои беа наменети за исплата на реализирани квартални конкурси во изминатиот период. Во меѓувреме со Указ на Собранието на РМ (сл.весник 64/18) престана да важи Законот за поддршка на домашната музичка продукција со што МРТ веќе не преземаше активности поврзани со овој Закон.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ**

**ВО 2018 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2017 г. | Планирани приходи за 2018 г. | Остварени приходи во 2018 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџет на РМ | 149,000,000 | 886,550,000 | 886,549,998 | 595.0 | 100.0 | 93.3 |
| Закупнини | 384,774 | 1,500,000 | 278,180 | 72.3 | 18.5 | 0.0 |
| Приходи од Влада на РМ за финансиска поддршка на МРТ согласно Законот за ААВМУ | 240,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Радиодифузна такса | 586,150,564 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,800,409 | 4,000,000 | 4,129,199 | 108.7 | 103.2 | 0.4 |
| Приходи од странство (технички услуги, отстапени права) | 5,829,522 | 2,000,000 | 273,174 | 4.7 | 13.7 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл. | 13,838,067 | 30,000,000 | 19,564,741 | 141.4 | 65.2 | 2.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 4,000,000 | 9,668 | 0.0 | 0.2 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 7,124,080 | 32,000,000 | 4,793,200 | 67.3 | 15.0 | 0.5 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 25,080,070 | 33,000,000 | 34,327,324 | 136.9 | 104.0 | 3.6 |
| Приходи од Буџет на РМ (Министерство за информатичко општество) член 92 став 10 од Законот за ААМУ | 6,285,090 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **1,037,492,576** | **999,050,000** | **949,925,484** | **91.6** | **95.1** | **100.0** |

# 6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА

## 6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во рамките на тековното работење во 2018 година во ЈРП МРТ остварени се расходи во вкупен износ од 971.025.078 денари. Движењето на расходните ставки во текот на 2018 година е во рамките на планираните, односно очекуваните и остварените приходи во тековната година.

Од аспект на процентот на остварувањето по групи на трошоци, реализацијата од 98,2% во однос на планот се однесува на групата трошоци за вработените, 66,2% за патни и транспортни трошоци, потоа 154,1% за групата на заеднички трошоци, 75,1% за програмски права а 45,2% за групата на останати трошоци од работење.

Сите групи на трошоци се реализирани во рамките на планираните износи освен во категоријата на заеднички трошоци каде има надминување на реализацијата во однос на планираниот износ на трошоци во анализираната 2018 година и тоа во делот на ставките кои не можат да се предвидат со сигурност, какви што се на пример вредносното усогласување (обезвреднување) на побарувањата. Поголемиот износ на реализација кај ставката вредносно усогласување (обезвреднување) на побарувањата во најголем дел произлегува од ненаплатените побарувања по основ на радиодифузна такса што е обврска на Управата за јавни приходи, додека пак износот на реализација на камати од работење и затезни камати пред се произлегува од пресметани камати за судски спорови и склучени спогодби за одложено плаќање на обврски од минати години како и трошоците за камати по основ на јавни давачки, реализација која произлегува од неплатениот износ на данок на додадена вредност (дополнително пресметана камата по Решение од УЈП од 2016 година за отплата на долгот за ДДВ до негова целосна исплата) и данок на добивка (пресметуван за секоја година поединечно почнувајќи од 2012 година, а кој се однесува на исправка на вредноста на ненаплатените побарувања за радиодифузна такса) и истите, согласно евиденцијата на УЈП, се пресметани и искажани како трошок и обврска на МРТ во цел износ во 2018 година.

## 6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2017г.** | **Финансиски план 2018г** | **Остварување во 2018г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 388,316,995 | 377,149,000 | 370,472,135 | 95.4 | 98.2 |
| Патни трошоци | 9,448,099 | 8,715,000 | 5,766,247 | 61.0 | 66.2 |
| Заеднички трошоци | 398,271,944 | 279,999,000 | 431,558,644 | 108.4 | 154.1 |
| Програмски права | 177,995,313 | 164,341,000 | 123,470,362 | 69.4 | 75.1 |
| Останати трошоци од работење | 54,602,429 | 87,996,000 | 39,757,690 | 72.8 | 45.2 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **1,028,634,780** | **918,200,000** | **971,025,078** | **94.4** | **105.8** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 8,861,809 | 22,000,000 | 6,505,732 | 73.4 | 29.6 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **8,861,809** | **22,000,000** | **6,505,732** | **73.4** | **29.6** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **1,037,496,589** | **940,200,000** | **977,530,810** | **94.2** | **104.0** |

## 6.03 Трошоци за вработените

Во текот на 2018 година групата трошоци за вработените бележи остварување во вкупен износ од 370.472.135 денари. Од нив, 368.352.970 денари се однесуваат на бруто платите на вработените а останатите се трошоци за отпремнина за вработените кои во 2018 година оствариле право на пензија во износ од 1.839.796 денари, трошоци за едукација (разни обуки на вработените, посета на семинари и слично) во износ од 108.519 денари како и трошоци за други лични примања (останати надоместоци на вработените, парична помош во случај на смрт на вработен или на член на потесното семејство, помош при елементарни и други непогоди и слично) со остварување во износ од 145.750 денари.

Просечната месечна нето плата по работник за 2018 година изнесува 25.111 денари.

## 6.04 Патни и транспортни трошоци

Оваа група ги опфаќа патните трошоци и трошоците за транспортни услуги со вкупно остварување од 5.766.247 денари. Најголемо учество заземаат трошоците за превоз и дневници и ноќевања за службени патувања во земјата и странство со вкупен износ од 4.770.313 денари, а се однесуваат на службени патувања на новинарски екипи кои известуваат за настани од јавен и национален интерес, за снимање на настани и прилози за тековни и за нови емисии од разни области а во насока на исполнување на програмските цели и подобрување на програмата на радиото и телевизијата, како и за службени патувања на новинари и сниматели во странство за следење на активностите на државниот врв на РМ.

Во функција на реализирање на позначајните програмски активности во МРТ од областа на спортот, во анализираниот период се оствариja следните службени патувања надвор од земјата:

- Белград – учество на меморијален турнир организиран од РТС, Будимпешта и Келн – следење на завршен турнир во Лига на шампиони во ракомет (мажи и жени), Москва – Светско првенство во фудбал.

Во текот на 2018 година во реализираните трошоци за патувања во врска со откуп, снимање и емитување на културна, филмска и останата програма спаѓаат следните патувања надвор од земјата:

- Турција – учество на меѓународна конференција за медиуми, Лондон – реализација на документарни емисии, Црна Гора – учество на конференција за истражувачко новинарство, Малта – учество во стручно жири за националниот избор на Малта за Евровизија 2018 година, Тирана – средба со директорите на РТ Албанија, Германија-информирање од меѓународен саем БИОФАХ, Португалија – снимање на разгледница за Македонија со музичката група АЈ КЈУ за Евровизија 2018 година, Лондон, Тел Авив и Амстердам – промоција на Македонската песна претставник на Евросонг 2018 година, Лисабон – учество на Евросонг 2018 година, Софија – меѓународна конференција за земјоделство и храна како и следење на македонско бугарска книжевна средба, Приштина – техничка проба за

заедничкиот проект Радио мост и снимање на верска манифестација по повод роденденот на Мајка Тереза, Лондон – следење на концертот на Симон Трпчевски, Турција – учество на Денови на ТРТ, снимање на репортажи како и учество на медитеранска конференција, Лозана – следење на редовно годишно Епархиско собрание на МПЦ за Европа, Измир – Форум на ТВ куќи од регионот за програмата на турски јазик, Романија – учество на летна школа за новинарство, Цирих – средба со Македонците од црковната општина Свети Наум Охридски – Тринген, Белград – следење на манифестацијата Ден на полето за емисијата Аграр, Сараево – регионален воркшоп за архивирање на видео материјалите кај јавните сервиси, Амстердам – посета на маркет за технички и технолошки иновации, Љубљана – учество на обука за јавните сервиси и слично, Копенхаген – истражување на данскиот образовен систем за проектот БИРН, Белград – конференција за медиуми за истражувачко новинарство, потоа известување од вежба - Србија 2018 година - организирана од НАТО како и учество на меѓународна средба на претставници од јавните медиумски сервиси од западен Балкан, Базел и Лорах – снимање на емисија по повод 550 години од смртта на Скендербег, Солун – присуство на јавни радиодифузни сервиси од југоисточна Европа, Пекинг – учество на форум за соработка на медиумите, Хелсинки – учество на семинар за циркуларна економија и обновливи извори на енергија, Белорусија – учество на јуниорски Евросонг 2018 година, Берлин – симпозиум за животна средина, Болоња – меѓународен саем за земјоделска механизација, Корча – промоција на изданија од Институтот за македонски јазик на РМ, Нирнберг – снимање на три емисии од циклусот Про Вита, Женева – присуство на Генерално собрание на ЕБУ.

Во врска со следење на активностите на Претседателот на РМ и члеsновите на Владата на РМ надвор од Македонија, би ги спомenale трошоците реализирани за службени патувања во Рим поради известување од посетата на Владина делегација на манифестацијата Македонија во чест на Светите Кирил и Методиј, потоа Тирана, Анкара, Берлин, Азербејџан, Лондон, Брисел, Молдавија, Благоевград, Драч, Вашингтон, Њујорк, Белград, Прага, Јордан, Истанбул, Катовице, Загреб итн.

## 6.05 Заеднички трошоци

Групата на заедничките трошоци во 2018 година бележи остварување во вкупен износ од 431.558.644 денари. Таа ги опфаќа следните видови на трошоци:

- потрошни материјали во кои спаѓаат трошоци за електричен и технички материјал (трошоци за набавка на разни видови делови, електроматеријали, компјутерски резервни делови и сл.) потоа, материјал за поправка и одржување на опремата во радио и ТВ продукција и во останатите одделенија во МРТ, како и разни прехранбени материјали за снимање, со вкупен остварен износ од 1.101.971 денар,
- трошоци за останати материјали (канцелариски материјал, печатарски услуги, материјал за возен парк и сл.) со остварување во вкупен иснос од 508.652 денари,

- трошоци за енергија остварени во вкупен износ од 22.577.527 денари, чија реализација е во рамките на планираните средства, а ги опфаќаат потрошената електрична и топлотна енергија, како и потрошеното гориво и мазиво,
- трошоци за набавка на ситен инвентар и авто гуми во износ од 138.749 денари,
- телефонските трошоци се однесуваат на трошоци за фиксна, мобилна телефонија и интернет услуги, а се остварени во вкупен износ од 2.313.171 денар, што е во рамките на планираните износи за 2018 година,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали, ПНН мрежа) кои се неопходни за реализирање на сите спортски настани но и за други преноси, потрошени се средства во износ од 12.067.715 денари, остварување во рамки на планираното а реализирано со цел известување од сите значајни настани од областа на спортот, потоа преноси на фестивали, концерти и други настани кои се од програмски интерес и на барање на гледачите на МРТ.
- реализација во рамките на планираните износи за 2018 година бележат трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ и трошоците за одржување на хигиена во просториите на МРТ кои се остварени во вкупен износ од 6.050.387 денари,
- трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти се реализирани во вкупен износ од 665.560 денари,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 965.283 денари што е остварување во рамки на планираното за оваа намена,
- за регистрација на возилата на МРТ остварени се трошоци во износ од 130.342 денари, а за одржување на истите потрошени се средства во износ од 769.845 денари,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина остварени се во висина од вкупно 2.681.806 денари и нивната реализација е на ниво на планираните средства,
- исто така, реализација во рамките на планираните износи бележат и шпедитерските услуги остварени во износ од 29.780 денари и поштенските услуги остварени во износ од 179.667 денари,
- трошоците за објавување на огласи и конкурси остварени се во износ од 431.612 денари,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 62.582.583 денари, остварување кое, пред се, произлегува од набавената опрема поврзана со процесот на дигитализацијата во МРТ која е ставена во функција и со која веќе се емитува дигитална програма, но, и од набавките на друга опрема која исто така е ставена во функција,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, вредносно усогласување на побарувања од РДТ и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која за 2018 година изнесува 179.277.757 денари, а реализацијата во најголем дел произлегува од ненаплатените побарувања по основ на радиодифузна такса,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (осигурување на новонабавената опрема, возила и други основни средства во рамките на процесот на дигитализација и други инвестиции) се остварени во вкупен износ од 1.325.443 денари,

- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 621.159 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ, котизациии и слично,
- трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 2.773.132 денари кое произлегува од зголемениот обем на договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка.
- за надомест за членовите на Надзорен одбор и Програмски совет евидентирано е остварување во износ од 5.515.183 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААМУ,
- дополнително утврдените расходи, остварени се во износ од 16.470.330 денари. Износот на реализација произлегува од пристигнатите фактури во текот на 2018 година а кои се однесуваат на трошоци од минат период и тоа по основ на расходи по фактури од земјата и странство од претходни години, утврдени камати од претходни години, дополнително утврдени расходи од претходни години по основ на трошоци за спорови, административни и судски такси, судски пресуди и друго,
- камати од работење е ставка која во анализираната 2018 година бележи реализација од 40.463.612 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија разрешница е во тековната 2018 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати,
- трошоците пак за камати по основ на јавни давачки остварени во износ од 60.857.016 денари се реализација која произлегува од данокот на добивка (пресметуван за секоја година поединечно почнувајќи од 2012 година а искажан како трошок во цел износ во 2018 година) и данок на додадена вредност (дополнително пресметана камата по Решение од УЈП од 2016 година за отплата на долгот за ДДВ до негова целосна исплата).
- трошоците во износ од 5.841.332 денари се резервирани средства по основ на дополнително пресметана камата согласно незавршен судски во спор со ММИ,
- ставката негативни курсни разлики е остварена во износ од 3.741.257 денари.

### 6.06 Програмски права

Програмските права во 2018 година се остварени во вкупен износ од 123.470.362 денари, со реализација на планот од 75,1%.

За откуп на права за пренос на спортски настани реализирани се средства во износ од 60.966.198 денари и тоа за откуп на права за пренос на Лига на шампиони во ракомет со емитување на финални натпревари, СЕХА лига во ракомет, ЗОИ 2018 година, АБА лига - натпревари во кошарка, Светско првенство во фудбал – Москва 2018 година, потоа права за емитување на тениски

натпревар - Роланд Гарос, FIFA – Светски куп 2018 година, пренос на одбојкарски натпревари и слично.

За откупот на права за емитување филмови со најразлични жанрови, потоа серии, цртани серии, емисии од областа на филмот и слично остварени се трошоци во износ од 5.368.514 денари.

Ставката откуп на програма од независни продуценти бележи реализација на трошоци во износ од 8.326.267 денари а во рамки на оваа ставка може да се споменат ТВ проектот 5+Фамилија на македонски и на албански јазик, откуп на права за емитување на серијалот Преспав – прва и втора сезона, потоа откуп на серијал на информативни емисии од истражувачки карактер за Првиот програмски сервис и слично.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 2.598.679 денари и таа опфаќа размена на спортски вести, права за емитување на Виенски концерт, координација за радио вести и радио спорт за 2018 година и слично.

Средствата во вкупен износ од 43.692.768 денари се однесуваат на реализација на копродукциски проекти, заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови и серијали како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии, албански народни приказни, ТВ серија Преспав -трета сезона и слично.

## 6.07 Останати трошоци од работење

Групата Останати трошоци од работење е остварена во вкупен износ од 39.757.690 денари со реализација од 45,2% во однос на планот за оваа намена. Во рамките на оваа група спаѓаат следните видови на трошоци:

- трошоци за авторски договори преку авторска агенција кои се реализирани во износ од 6.608.675 денари и истите опфаќаат договори склучени со надворешни соработници за надополнување на недостигот од кадар во одделни редакции и програмски сервиси во МРТ, потоа, авторски договори за синхронизирање на цртани филмови и играни серии на македонски јазик и јазиците на националностите и други,
- трошоци за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма, добиени стручни мислења и слично, а истите се реализирани во износ од 1.706.769 денари,
- за технички услуги остварени се трошоци во износ од 1.033.132 денари, кои се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнал во живо и слично,
- трошоците околу организирање и реализација на проектот во врска со избор на македонски претставници и нивно учество на фестивалот Евросонг 2018 и јуниорски Евросонг 2018 година изнесуваат 6.124.307 денари, остварување во рамки на планираниот износ за оваа намена,

- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 9.058.108 денари,
- трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 10.412.258 денари,

## 7. ИНВЕСТИЦИИ

### Инвестиции во опрема

Во 2018 година во МРТ реализирани се набавки на нова опрема во износ од 6.505.732 денари а набавена е опрема за надградба на систем за снимање, обработка и емитување на програма во МТВ, интелигентни светла и рефлектори за студија и станица за компримиран воздух.

## 8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2018 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување во 2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 381,721,814 | 375,000,000 | 368,352,970 | 96.5 | 98.2 |
| Отпремнина за одење во пензија | 735,686 | 1,500,000 | 1,839,796 | 250.1 | 122.7 |
| Други примања (теренски додаток и сл.) | 4,713,375 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 250,650 | 299,000 | 145,750 | 58.1 | 48.7 |
| Трошоци за здравствени услуги | 625,600 | 100,000 | 25,100 | 4.0 | 25.1 |
| Трошоци за едукација | 269,870 | 250,000 | 108,519 | 40.2 | 43.4 |
| **Вкупно 1** | **388,316,995** | **377,149,000** | **370,472,135** | **95.4** | **98.2** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,050,638 | 1,500,000 | 1,303,851 | 124.1 | 86.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5,091,241 | 3,820,000 | 2,362,434 | 46.4 | 61.8 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 2,236 | 100,000 | 8,430 | 377.0 | 8.4 |
| Превоз за службени патувања во странство | 2,157,269 | 1,864,000 | 1,095,598 | 50.8 | 58.8 |
| Сопствено возило за службени потреби | 55,369 | 166,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 223,764 | 333,000 | 199,432 | 89.1 | 59.9 |
| **Вкупно 2** | **8,580,517** | **7,783,000** | **4,969,745** | **57.9** | **63.9** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 867,582 | 932,000 | 796,502 | 91.8 | 85.5 |
| **Вкупно 3** | **867,582** | **932,000** | **796,502** | **91.8** | **85.5** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **9,448,099** | **8,715,000** | **5,766,247** | **61.0** | **66.2** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 823,716 | 1,262,000 | 76,741 | 9.3 | 6.1 |
| Технички материјал | 1,442,796 | 1,264,000 | 568,910 | 39.4 | 45.0 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 4,517 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 99,972 | 286,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 552,909 | 1,097,000 | 456,320 | 82.5 | 41.6 |
| **Вкупно 4** | **2,923,910** | **4,209,000** | **1,101,971** | **37.7** | **26.2** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 644,148 | 1,762,000 | 408,288 | 63.4 | 23.2 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 250,000 | 95,748 | 0.0 | 38.3 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 778 | 449,000 | 4,616 | 593.3 | 1.0 |
| **Вкупно 5** | **644,926** | **2,471,000** | **508,652** | **78.9** | **20.6** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 7,768,949 | 16,660,000 | 11,150,273 | 143.5 | 66.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 9,613,438 | 17,320,000 | 9,038,986 | 94.0 | 52.2 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 2,440,789 | 3,660,000 | 2,388,268 | 97.8 | 65.3 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **19,823,176** | **37,940,000** | **22,577,527** | **113.9** | **59.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување во 2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 753,380 | 866,000 | 138,749 | 18.4 | 16.0 |
| **Вкупно 7** | **753,380** | **866,000** | **138,749** | **18.4** | **16.0** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 408,431 | 700,000 | 273,833 | 67.0 | 39.1 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 1,924,113 | 2,264,000 | 1,988,090 | 103.3 | 87.8 |
| Трошоци за интернет | 284,448 | 400,000 | 51,248 | 18.0 | 12.8 |
| Поштарина | 233,158 | 333,000 | 179,667 | 77.1 | 54.0 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 16,419,512 | 14,000,000 | 12,067,715 | 73.5 | 86.2 |
| **Вкупно 8** | **19,269,662** | **17,697,000** | **14,560,553** | **75.6** | **82.3** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 4,357,663 | 4,000,000 | 3,891,908 | 89.3 | 97.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 401,681 | 3,160,000 | 590,000 | 146.9 | 18.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 792,653 | 11,620,000 | 75,560 | 9.5 | 0.7 |
| Одржување на возила | 1,320,492 | 2,830,000 | 769,845 | 58.3 | 27.2 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 90,804 | 100,000 | 89,037 | 98.1 | 89.0 |
| Други услуги за одржување и заштита | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 1,137,210 | 1,064,000 | 965,283 | 84.9 | 90.7 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,080,641 | 3,660,000 | 2,158,479 | 70.1 | 59.0 |
| **Вкупно 9** | **11,181,144** | **26,454,000** | **8,540,112** | **76.4** | **32.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 4,495 | 40,000 | 2,800 | 62.3 | 7.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 63,450 | 0.0 | 21.2 |
| Трошоци за ѓубретарина | 829,356 | 983,000 | 827,256 | 99.7 | 84.2 |
| Трошоци за вода | 2,252,372 | 3,092,000 | 1,788,300 | 79.4 | 57.8 |
| **Вкупно 10** | **3,086,223** | **4,415,000** | **2,681,806** | **86.9** | **60.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и слично | 93,608 | 133,000 | 32,426 | 34.6 | 24.4 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 399,386 | 550,000 | 431,612 | 108.1 | 78.5 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 140,954 | 400,000 | 130,342 | 92.5 | 32.6 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 26,784 | 183,000 | 29,780 | 111.2 | 16.3 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и други | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 9,664 | 30,000 | 743 | 7.7 | 2.5 |
| **Вкупно 11** | **670,396** | **2,066,000** | **624,903** | **93.2** | **30.2** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирања и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 65,451,768 | 68,000,000 | 62,582,583 | 95.6 | 92.0 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 13,334,598 | 0 | 5,841,332 | 43.8 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **78,786,366** | **68,000,000** | **68,423,915** | **86.8** | **100.6** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства, отпис на побарувања од купувачите, отпис на побарувања од РДТ | 174,193,144 | 36,490,000 | 179,277,757 | 102.9 | 491.3 |
| **Вкупно 13** | **174,193,144** | **36,490,000** | **179,277,757** | **102.9** | **491.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување во 2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 848,743 | 566,000 | 338,651 | 39.9 | 59.8 |
| **Вкупно 14** | **848,743** | **666,000** | **338,651** | **39.9** | **50.8** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 2,256,977 | 2,700,000 | 1,325,443 | 58.7 | 49.1 |
| **Вкупно 15** | **2,256,977** | **2,700,000** | **1,325,443** | **58.7** | **49.1** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 500,201 | 900,000 | 621,159 | 124.2 | 69.0 |
| **Вкупно 16** | **500,201** | **910,000** | **621,159** | **124.2** | **68.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди, консултанти, сертификати и слично | 72,045 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 51,519 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 56,368 | 233,000 | 68,953 | 122.3 | 29.6 |
| **Вкупно 17** | **179,932** | **533,000** | **68,953** | **38.3** | **12.9** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 3,706,512 | 5,800,000 | 5,515,183 | 148.8 | 95.1 |
| **Вкупно 18** | **3,706,512** | **5,800,000** | **5,515,183** | **148.8** | **95.1** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2,603,018 | 5,000,000 | 2,773,132 | 106.5 | 55.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 639,400 | 932,000 | 323,077 | 50.5 | 34.7 |
| Останати трошоци и услуги од работење | 10,778 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **3,253,196** | **6,182,000** | **3,096,209** | **95.2** | **50.1** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 634,809 | 600,000 | 624,886 | 98.4 | 104.1 |
| **Вкупно 20** | **634,809** | **600,000** | **624,886** | **98.4** | **104.1** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 21,179,063 | 16,600,000 | 16,470,330 | 77.8 | 99.2 |
| **Вкупно 21** | **21,179,063** | **16,600,000** | **16,470,330** | **77.8** | **99.2** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 50,033,266 | 41,400,000 | 40,463,612 | 80.9 | 97.7 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 0 | 0 | 60,857,016 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 22** | **50,033,266** | **41,400,000** | **101,320,628** | **202.5** | **244.7** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,346,918 | 4,000,000 | 3,741,257 | 86.1 | 93.5 |
| **Вкупно 23** | **4,346,918** | **4,000,000** | **3,741,257** | 86.1 | 93.5 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **398,271,944** | **279,999,000** | **431,558,644** | **108.4** | **154.1** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 19,802,275 | 22,860,000 | 5,368,514 | 27.1 | 23.5 |
| Останати програмски права | 4,099,470 | 9,320,000 | 2,598,679 | 63.4 | 27.9 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,227,892 | 2,500,000 | 2,210,461 | 99.2 | 88.4 |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување во 2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Надомест за фестивали | 491,823 | 821,000 | 307,475 | 62.5 | 37.5 |
| Права за спортски настани | 49,829,559 | 67,000,000 | 60,966,198 | 122.3 | 91.0 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 22,810,714 | 16,960,000 | 8,326,267 | 36.5 | 49.1 |
| Копродукциски проекти | 78,733,580 | 44,880,000 | 43,692,768 | 55.5 | 97.4 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **177,995,313** | **164,341,000** | **123,470,362** | **69.4** | **75.1** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Наем на недвижности за дописници во странство | 3,617,593 | 0 | 196,624 | 5.4 | 0.0 |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 263,753 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 25** | **3,881,346** | **300,000** | **196,624** | **5.1** | **65.5** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 394,736 | 532,000 | 216,644 | 54.9 | 40.7 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 987,288 | 1,000,000 | 971,376 | 98.4 | 97.1 |
| Услуги за вештачење | 27,140 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 27,163 | 300,000 | 95,431 | 351.3 | 31.8 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 1,445,500 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 5,235,941 | 7,320,000 | 1,033,132 | 19.7 | 14.1 |
| Трошоци за опремување сцена | 2,003,498 | 1,962,000 | 1,955,490 | 97.6 | 99.7 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 2,705,219 | 3,160,000 | 1,706,769 | 63.1 | 54.0 |
| Агенциски услуги во земјата-информативни | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 7,469,594 | 11,000,000 | 6,608,675 | 88.5 | 60.1 |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашната музичка продукција | 4,792,269 | 32,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 8,511,752 | 7,000,000 | 6,124,307 | 72.0 | 87.5 |
| Трошоци за судски извршители | 1,872,673 | 1,592,000 | 1,288,941 | 68.8 | 81.0 |
| **Вкупно 26** | **35,472,773** | **68,666,000** | **20,000,765** | **56.4** | **29.1** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,405,247 | 9,330,000 | 9,058,108 | 96.3 | 97.1 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 4,450 | 0.0 | 1.5 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 71,820 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 5,631,776 | 8,500,000 | 10,412,258 | 184.9 | 122.5 |
| **Вкупно 27** | **15,108,843** | **18,230,000** | **19,474,816** | **128.9** | **106.8** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 139,467 | 800,000 | 85,485 | 61.3 | 10.7 |
| **Вкупно 28** | **139,467** | **800,000** | **85,485** | **61.3** | **10.7** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **54,602,429** | **87,996,000** | **39,757,690** | **72.8** | **45.2** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **1,028,634,780** | **918,200,000** | **971,025,078** | **94.4** | **105.8** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема | 8,861,809 | 22,000,000 | 6,505,732 | 73.4 | 29.6 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **8,861,809** | **22,000,000** | **6,505,732** | **73.4** | **29.6** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,037,496,589** | **940,200,000** | **977,530,810** | **94.2** | **104.0** |

## 9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2018 ГОДИНА

Во 2018 година Македонската радио телевизија оствари вкупен приход по разни основи во износ од 949.925.484 денари. За реализација на планираните активности во истата календарска година остварени се трошоци во вкупен износ од 971.025.078 денари. Оттука произлегува дека во своето работење во периодот 01.01-31.12.2018 година, МРТ има остварено негативен финансиски резултат во износ од 21.099.594 денари која по одданочувањето изнесува 26.021.894 денари. Ваквиот финансиски резултат произлегува воглавно од пресметаното вредносно усогласување (обезвреднување) на побарувањата кое изнесува 179.277.757 денари и кое во најголем дел се однесува на ненаплатените побарувања по основ на радиодифузна такса.

### ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2018 ГОДИНА

| ОПИС | Остварување во 2017г. | | Финансиски план 2018г | | Остварување во 2018г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **1,037,492,576** | **100.0** | **999,050,000** | **100.0** | **949,925,484** | **100.0** | **91.6** | **95.1** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **1,028,634,780** | **99.1** | **918,200,000** | **91.9** | **971,025,078** | **102.2** | **94.4** | **105.8** |
| Трошоци за вработени | 388,316,995 | 37.4 | 377,149,000 | 37.8 | 370,472,135 | 39.0 | 95.4 | 98.2 |
| Патни трошоци | 9,448,099 | 0.9 | 8,715,000 | 0.9 | 5,766,247 | 0.6 | 61.0 | 66.2 |
| Заеднички трошоци | 398,271,944 | 38.4 | 279,999,000 | 28.0 | 431,558,644 | 45.4 | 108.4 | 154.1 |
| Програмски права | 177,995,313 | 17.2 | 164,341,000 | 16.4 | 123,470,362 | 13.0 | 69.4 | 75.1 |
| Останати трошоци од работење | 54,602,429 | 5.3 | 87,996,000 | 8.8 | 39,757,690 | 4.2 | 72.8 | 45.2 |
| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ за 2018 година ( А-Б загуба пред оданочување)** | **8,857,796** | | | | **-21,099,594** | | | |
| **Данок на непризнати расходи за 2018 година** | **1,827,044** | | | | **-4,922,300** | | | |
| **Загуба по оданочување за 2018 година** | **7,030,752** | | | | **-26,021,894** | | | |

## 10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ

**Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2018 година изнесува:**

- Комерцијална банка 35.217 денари
- Халк банка 812 денари
- Тутунска банка 26.608 денари
- Стопанска банка 178 денари
- Шпаркасе банка 2.180 денари
- Еуростандард банка 12.996 денари
- Алфа банка 8.754 денари
- Прокредит банка 732 денари

***Вкупно на сметки : 87.477 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2018 година изнесува:**

- o Стопанска банка 161 УСД
- o Комерцијална банка 239 ЕУР
  3.033 АУД

## 11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2018 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,143,799,792 | 2,111,875,999 | 98.5 |
| Побарувања од купувачите во странство | 43,056,853 | 38,831,311 | 90.2 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -1,249,241,607 | -1,427,951,342 | 114.3 |
| Вкупно: | 937,615,038 | 722,755,968 | 77.1 |

### 11.01 Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,090,586,418 | 2,060,797,572 | 98.6 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,213,374 | 51,078,427 | 96.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -1,249,241,607 | -1,427,951,342 | 114.3 |
| **Вкупно:** | **894,558,185** | **683,924,657** | **76.5** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,080,665,582 | 2,050,247,582 | 98.5 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,848,463 | 7,629,921 | 97.2 |
| - радио и телевизиски услуги | 2,908 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 137,349 | 95,310 | 69.4 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (закуп, струја) | 1,932,116 | 2,824,759 | 146.2 |
| - останати побарувања (фестивали и спонзорства) | 0 | | |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,213,374 | 51,078,427 | 96.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -1,249,241,607 | -1,427,951,342 | 114.3 |
| **Вкупно:** | **894,558,185** | **683,924,657** | **76.5** |

### 11.02 Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2018 година изнесуваат вкупно 38.831.311 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,512,931 | 34,558,595 | 94.6 |
| - ТВ услуги | 540,037 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,870,275 | 2,927,038 | 102.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,785 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 2,748,837 | 370,289 | 13.5 |
| - фестивали во странство | 115,446 | 155,285 | 134.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 252,542 | 263,245 | 104.2 |
| **Вкупно:** | **43,056,853** | **38,831,311** | **90.2** |

## 12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ

| ОПИС | состојба на 31.12.2017 год. | состојба на 31.12.2018 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **905,982,306** | **668,836,292** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 237,143,167 | 97,103,954 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 108,706,102 | 34,782,398 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,506,745 | 81,190 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и други давачки | 193,592,294 | 204,385,690 |
| Обврски спрема вработените | 21,497,766 | 21,037,418 |
| Обврски за авторски договори | 6,019,532 | 1,363,433 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,960,476 | 191,805,056 |
| Останати краткорочни обврски | 577,695 | 616,171 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 60,923,916 | 53,335,671 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 84,054,613 | 64,325,311 |
| **Долгорочни обврски** | **313,253,253** | **239,969,443** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 24,841,975 | 18,945,865 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ | 2,731,540 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми | 285,679,738 | 221,023,578 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **1,219,235,559** | **908,805,735** |

Вкупните обврски на 31.12.2018 година изнесуваат 908.805.735 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2017 година се намалени за 310.829.735 денари, што е значителен износ на намалување и тоа како резултат на превземените активности, а согласно финансиската состојба и воглавно на предвидливоста на приходите за финансирање на радиодифузна дејност кои ЈРП МРТ ги добива од Министерството за информатичко општество и администрација, за разлика од минати години каде приливот на радиодифузна такса целосно беше непридвидлив, од каде произлегува дека МРТ во својата евиденција има вкупно ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса на износ 2.050.247.582 денари или приближно 33,2 милиони евра.

Скопје, Март 2019 година